# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА (3.05.01.04) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-220/8 од 13.7.2026 година донесена на 361. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 13.7.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *стоматолошка протетика (3.05.01.04)* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- **проф. д-р Весна Коруноска-Стевковска**, редовен професор, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област протетика – претседател;
- **проф. д-р Никола Гиговски**, редовен професор во пензија, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област протетика – член;
- **проф. д-р Ерол Шабанов**, редовен професор во пензија, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област протетика – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 2.7.2026 година и во предвидениот рок се пријави **вонреден проф. д-р Катерина Златановска**, доктор на стоматолошки науки од областа на стоматолошка протетика, специјалист по стоматолошка протетика, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***<u>Биографски податоци</u>***

Д-р Катерина Златановска е родена на 27 декември 1980 година во Куманово, каде што завршува основно и средно образование со одличен успех. Во учебната 1999/2000 година се запишува на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на шестгодишни студии. По завршувањето на студиите, на 10.5.2006 година се стекнува со називот дипломиран доктор по стоматологија со просек 9,29. По полагање на стручниот испит на 27.11.2006 година се стекнува со работна лиценца издадена од Стоматолошката комора на Македонија.

Од 2007 до 2011 година работи како матичен стоматолог во Поликлиника „Карпош“ во Куманово.

Во 2011 година д-р Катерина Златановска се вработува на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, при што се здобива со соработничко звање помлад асистент, ангажирана да помага во наставно-образовниот процес во областа на стоматологија и стручни забни

техничари – протетичари.

Во октомври 2011 година се запишува на специјализација по стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на 19.11.2014 година се стекнува со звање специјалист по стоматолошка протетика.

Во 2012 година се запишува на докторски студии на Стоматолошкиот факултет – Скопје од областа на стоматолошка протетика под менторство на проф. д-р Љубен Гугувчевски и ги завршува со просечна оценка 9,85.

Докторската дисертација на тема „*Процена на механичката отпорност на порцеланските фасети во зависност од видот на препарацијата*“ јавно ја брани на 4.1.2017 година, со што се стекнала со академскиот степен доктор на стоматолошки науки, од областа на стоматолошка протетика.

Во 2014 година е избрана во звање асистент-докторанд, во 2017 година е избрана во звање доцент и во 2022 година е избрана во звање вонреден професор при Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Дополнително, во периодот од 4.10.2022 до 14.9.2025 година ја извршува и функцијата продекан за меѓународна соработка и наука, а од 26.2.2026 година и декан на Факултет за медицински науки.

Активно се служи со англиски јазик (Cambridge Certificate of Preliminary English – B2).

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор согласно Законот за високото образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип:**

**Општи услови за избор:**

- Кандидатката има завршено прв циклус интегрирани шестгодишни студии (360 ЕКТС) на Стоматолошки факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечен успех од 9.29 и остварен просечен успех од 9,85 на студиите од трет циклус на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
- Кандидатката е доктор на стоматолошки науки од областа на стоматолошка протетика – докторска дисертација на тема „Процена на механичката отпорност на порцеланските фасети во зависност од видот на препарацијата“ одбранета на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 4.1.2017 година.
- Претходен избор во звање – вонреден професор од научната област протетика. Со Одлука бр. 2002-40/47 на 271. седница на Наставно-научен совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 28.1.2022 година, е избрана за наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област протетика на Факултетот за медицински науки за период од 5 (пет) години. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен“ бр. 289 од 15.12.2021 година.
- Објавени најмалку 6 научноистражувачки трудови во соодветна област во референтна научна публикација во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Zarkova Julija, **Zlatanovska Katerina,** Prosheva Pelivanova Ljubica, Atanasova Sandra, Apostoloski Pavle, Longurova Natasa, Nikolovski Bruno. | Digitally Guided Rehabilitation Following Vertical Dimension Increase: A Case Report. | (2026) IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 25 (6). pp. 39-47. ISSN 2279-0853 | 2011 |
| **2.** | Zarkova Julija, **Zlatanovska Katerina**, Prosheva Pelivanova Ljubica, Atanasova Sandra, Nikolovski Bruno, Longurova Natasa, Apostoloski Pavle. | Spectrophotometric evaluation of natural tooth color distribution across three dental shade guide systems: A cross-sectional study. | (2026) European Scientific Journal, 53 (1). pp. 756-770. ISSN 1857- 7431 | 2011 |
| **3.** | Nikolovski Bruno, Gjorsheski Darko, Susak Zoran, Spirov Vancho, Zarkova Julija, Pejkovska Shahpaska Budima, Petrovski Mihajlo, Longurova Natasa, **Zlatanovska Katerina,** Arsovski Ljupka | Management of a dentigerous cyst in the right mandible: A case report with radiographic, histopathological and immunohistochemical insights. | (2026) World Journal of Biology Pharmacy and Health Sciences, 25 (1). pp. 403-410. ISSN 2582-5542 | 2019 |
| **4.** | Poposka Georgievska Eleonora, **Zlatanovska Katerina**, Nikolovska Julijana, Pejkovska Shahpaska Budima. | Five-year follow-up of temporomandibular and dental function after parotid gland tumor surgery in a 32-year-old patient: a case report. | (2025) Apolonia Journal of Dentistry, 27 (60-61). pp. 101-109. ISSN 1857-6087 | 1999 |
| **5.** | Pejkovska Shahpaska Budima, Peeva-Petreska Marija, Nikolovska Julijana, Dastevski Blagoja, Nikolovski Bruno, **Zlatanovska Katerina**, Zarkova Atanasova Julija, Lazarova Meri, Xhelili Fatos | Implant supported dental prosthetic constructions with the usage of artificial intelligence – review article. | (2025) Apolonia Journal of Dentistry, 27 (60-61). pp. 179-190. ISSN 1857-6087 | 1999 |
| **6.** | Chkripeski Kiril, **Zlatanovska Katerina.** | All-on-4 implant rehabilitation of the maxilla without sinus lift with screw-retained prosthesis - a case report. | (2025) International Journal Knowledge, 71 (4). pp. 397-401. ISSN 1857-923X | 2009 |
| **7.** | Trichkovska Ljubica, **Zlatanovska Katerina**, Prosheva Pelivanova Ljubica. | Xerostomia inpatients with Type 2 diabetes melitus wearing complete and partial acrylic dentures - a literature review. | (2025) Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 71 (4). pp. 403-407. ISSN 1857-923X | 2009 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8.** | Prosheva Pelivanova Ljubica, Papakoca Kiro, Zarkova-Atanasova Julija, Atanasova Sandra, **Zlatanovska Katerina**, Naskova Sanja. | The Influence of Lighting Conditions on Color Difference (ΔE) in Glazed Fixed Prosthetic Restorations: A Comparative Study. | (2025) IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 24 (7). ISSN 2279-0853 | 2011 |
| **9.** | Longurova Natasa, **Zlatanovska Katerina**, Kovacevska Ivona, Zarkova-Atanasova Julija. | Non-carious cervical lesions:risk factors and treatment options. | (2025) Journal of Hygienic Engineering and Design, 51 (51). ISSN 1857- 8489 | 2012 |
| **10.** | Manev Grigor, **Zlatanovska Katerina**, Jovanovski Saso. | The influence of parafunctional forces on the longevity of ceramic crowns. | (2025) Apolonia Journal of Dentistry, 27 (60-61). pp. 157-178. ISSN 1857-6087 | 1999 |
| **13.** | Shehapi Afrim, Azizi Fadilj, Dimova Cena, **Zlatanovska Katerina.** | Biomechanics of partial dentures. | (2023) Journal of Dentistry Apolonia, 25 (50-51). pp. 97-103. ISSN 1409-8768 \| 1857-6087 | 1999 |
| **14.** | Shehapi Afrim, **Zlatanovska Katerina**, Dimova Cena, Azizi Fadilj. | CAD-CAM Systems and dental ceramic materials. | (2022) Journal of Dentistry Apolonia, 24 (48-49). pp. 105-112. ISSN 1409-8768 \| 1857-6087 | 1999 |
| **15.** | Azizi Fadilj, Dimova Cena, **Zlatanovska Katerina**, Shehapi Afrim. | Temporomadibular Dysfunctions and Maloclusions. | (2022) Apolonia Albanian Dental Journal, 24 (48-49). pp.85-89. ISSN 1409-8768 \| 1857-6087 | 1999 |

- Кандидатката приложила потврда за познавање странски јазик - англиски јазик.
- Има способност за изведување високообразовна дејност. Активно учествува во реализација на настава од наставно-образовниот процес на прв циклус на студиските програми – академската студиска програма Дентална медицина и стручните студии за Забни техничари-протетичари, на втор циклус Специјалистички стручни студии за забен техничар – протетичар и на трет циклус на студии на Базични и клинички истражувања во дентална медицина.
- Се јавува како ментор и член на комисии за одбрана на дипломски трудови и завршни испити.

**Посебни услови:**

- Има учество во научноистражувачки проекти како истражувач со значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати и тоа во националните проекти: 1. Современи аспекти на дезинфекција и стерилизација на инструменти и апарати во дентална медицина (2020). 2. CA24147 / Artificial Intelligence Driven Dental AgEstimation Network (AID-AgE) (2025)

- Има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.

Со Решение бр. 0801-715/6 од 3.11.2022 година, изготвено од страна на Одбор за акредитација и евалуација на високото образование на РС Македонија, Златановска е акредитиран ментор на трет циклус докторски студии на студиската програма Базични и клинички истражувања во дентална медицина при Факултетот за медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

- Проф. д-р Златановска во изборниот период била ментор на 15-тина студенти на прв циклус студии, ментор е на тројца докторанди на студиската програма Базични и клинички истражувања во дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
- Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД.

За потребите на наставата за предметите кои ги предава во првиот циклус на студии, проф. д-р Катерина Златановска е автор на следниов учебник објавен на е-библиотека на УГД:

- **Стоматолошки материјали 1** – учебник од Ивона Ковачевска, Катерина Златановска и Наташа Лонгурова (2024) ISBN 978-608-277-092-5, https://eprints.ugd.edu.mk/35717/

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Д-р Катерина Златановска во 2011 година е избрана за помлад асистент за научната област протетика, Универзитетски билтен бр. 63 од 1.7.2011 година на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Од учебната 2011/2012 година д-р Катерина Златановска активно е вклучена во практичната настава на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (студиска програма Стоматологија и Забен техничар-протетичар) како помлад асистент по предметите: Претклиничка фиксна протетика 1 и 2, Мобилна протетика – тотална протеза 1 и 2, Мобилна протетика – парцијална протеза 1 и 2, Клиничка мобилна протетика – тотална протеза и Клиничка мобилна протетика – парцијална протеза.

Во 2014 година е избрана во соработничко звање асистент-докторанд, Универзитетски билтен бр. 135 од 3.11.2014 година.

Со Одлука бр. 2002-120/9 од 18.4.2017 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на 181. седница, одржана на 1.4.2017 година, е избрана за наставник во звање доцент за наставно-научната област протетика за период од 5 (пет) години. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во Универзитетски билтен бр. 187 од 1.4.2017 година.

Со Одлука бр. 2002-40/47 на 271. седница на Наставно-научен совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 28.1.2022 година, е избрана за наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област протетика на Факултетот за медицински науки за период од 5 (пет) години. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен“ бр. 289 од 15.12.2021 година.

Проф. д-р Катерина Златановска учествува во спроведување на теоретска настава на сите три циклуси на студии.

На прв циклус студии на Факултетот за медицински науки на студиската програма Дентална медицина е ангажирана на следните предмети:

- Претклиничка мобилна протетика – тотална протеза (2+3+0)
- Претклиничка мобилна протетика – парцијална протеза (2+3+0)
- Клиничка мобилна протетика – тотална протеза (2+4+0)
- Клиничка мобилна протетика – парцијална протеза (2+4+0).

На прв циклус студии на Факултетот за медицински науки на студиската програма Забни техничари-протетичари е ангажирана на следните предмети:

- Вовед во стоматолошка протетика (2+1+0)
- Мобилна протетика – тотална протеза 1 (2+4+0)
- Скелетирана протеза (2+3+1)
- Стоматолошка керамика (2+4+1).

На втор циклус студии на Факултетот за медицински науки на студиската програма Специјалистички стручни студии за забен техничар-протетичар е ангажирана на следниве предмети:

- Комплексни метални протези (2+1+0)
- Современ дијагностички и тераписки концепт кај тотална и парцијална беззабост (2+0+0)
- Компјутерски системи и технологии во стоматолошката протетика (2+0+0)
- Современи решенија на тотална и парцијална беззабост (2+0+0).

Со акредитацијата во 2014 година на трет циклус студии на Факултетот за медицински науки – Базични и клинички истражувања во денталната медицина, кандидатката активно учествува во наставата со изборните предмети:

- Вилично зглобни неправилности – дијагностика и терапија (3+2+2)
- Естетски аспекти во стоматолошка протетика (3+2+2)
- Комплексни метални протези (3+2+2)
- Дијагностички и терапевтски процедури кај парцијална и тотална беззабност (3+2+2).

Проф. д-р Катерина Златановска е член на повеќе комисии за полагање на специјалистички испит и е член на испитни комисии при Стоматолошката комора за спроведување на стручниот испит за доктори на стоматологија / дентална медицина.

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Проф. д-р Катерина Златановска е автор на над 250 трудови, од кои во последните пет години е автор на вкупно 86 трудови (од кои 22 in extenso) објавени во научно-стручни стоматолошки и медицински списанија и презентирани на конгреси, симпозиуми и стручни состаноци во земјата и во странство.

Списокот на објавени трудови на кандидатката проф. д-р Катерина Златановска при изборот во доцент се евалуирани и бодирани од бр. 1 до 55 во „Универзитетски билтен“ на Универзитет „Гоце Делчев“ бр. 187 од 1.4.2017 година. (53-69 страна) и вкупно 210 поени. https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/16-20/2017/187/pdf/187-7.pdf

Списокот на објавени трудови на кандидатката проф. д-р Катерина Златановска при изборот во вонреден професор се евалуирани и бодирани од

бр. 56 до 155 во „Универзитетски билтен“ на Универзитет „Гоце Делчев” бр. 289 од 15.12.2021 година (65-85 стр.) и вкупно 348,5 поени. https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-25/2021/289/pdf/289-7.pdf

Сите нејзини објавени научни трудови се достапни во електронска форма на е-репозиториум на УГД Штип и може да се видат на следниов линк: https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Zlatanovska=3AKaterina=3A=3A.html

**Листа на трудови на вонреден проф. д-р Катерина Златановска кои ги доставува за рецензија за избор во редовен професор и се однесуваат на последните пет години:**

**Листа на трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор – од реден број 156 до 177:**

156. Zarkova Julija, **Zlatanovska Katerina, Prosheva Pelivanova Ljubica,** Atanasova Sandra, Apostoloski Pavle, Longurova Natasa, Nikolovski Bruno (2026) *Digitally Guided Rehabilitation Following Vertical Dimension Increase: A Case Report.* IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 2026;25(6):39-47. ISSN 2279-0853, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38493

**Евалуација на трудот:** Авторите преку овој труд ја истакнуваат важноста на загубата на вертикалната димензија и неговата асоцираност со длабокиот загриз, како тешкотија при рехабилитацијата од орално-хируршки, протетски и естетски аспект, имплементирајќи ги новите дигитални технологии при реставрирањето. Трудот има научно-стручна и апликативна вредност.

157. Zarkova Julija, **Zlatanovska Katerina**, Prosheva Pelivanova Ljubica, Atanasova Sandra, Nikolovski Bruno, Longurova Natasa, Apostoloski Pavle (2026) *Spectrophotometric evaluation of natural tooth color distribution across three dental shade guide systems: A cross-sectional study.* European Scientific Journal, 53 (1). pp. 756-770. ISSN 1857- 7431, https://eprints.ugd.edu.mk/38540/

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се врши анализа на природната хрома од бојата на забите кај 235 испитаници при реставрација на максиларни инцизиви по пат на спектрофотометија. Статистичката анализа потврдува сигнификантни разлики кај сите три употребувани клучеви, земајќи ги предвид возраста и полот на испитаниците и истакнувајќи го овој метод како високо сензитивен при планирањето и изведбата на оралната рехабилитација. Трудот има научно-стручна и апликативна вредност.

158. Nikolovski Bruno, Gjorsheski Darko, Susak Zoran, Spirov Vancho, Zarkova Julija, Pejkovska Shahpaska Budima, Petrovski Mihajlo, Longurova Natasa, **Zlatanovska Katerina, Arsovski Ljupka** (2026) *Management of a dentigerous cyst in the right mandible: A case report with radiographic, histopathological and immuno-histochemical insights.* World Journal of Biology Pharmacy and Health Sciences, 2026;25(1):403-410. ISSN 2582-5542, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/37626

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот ги обработуваат етио-патолошките аспекти на фоликуларните цисти како втори најчести одонтогени цистични лезии и презентираат случај кај 36-годишна пациентка преку клиничка, радиографска, патохистолошка и имуно-хистохемиска презентација, како и хируршки менаџмент на истата. Трудот има научна и стручна вредност.

159. Poposka Georgievska Eleonora, **Zlatanovska Katerina**, Nikolovska Julijana, Pejkovska Shahpaska Budima (2025) *Five-year follow-up of temporomandibular and dental function after parotid gland tumor surgery in a 32-year-old patient: a case report.* Apolonia Journal of Dentistry, 27 (60-61). pp. 101-109. ISSN 1857-6087, https://eprints.ugd.edu.mk/37357/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот ја истакнуваат важноста на оралното здравје како значаен фактор за постоперативниот исход и општото системско здравје на пациентите, со посебен акцент на здравствените предизвици кај помладата популација. Понатаму, ги обработуваат туморите на паротидната жлезда кај младата популација, нагласувајќи ја нивната клиничка значајност поради можните функционални и естетски последици, како и етиолошките и клиничките карактеристики на најчестите бенигни неоплазми, особено плеоморфниот аденом. Трудот има научна и стручна вредност.

160. Pejkovska Shahpaska Budima, Peeva-Petreska Marija, Nikolovska Julijana, Dastevski Blagoja, Nikolovski Bruno, **Zlatanovska Katerina, Zarkova Atanasova Julija, Lazarova Meri, Xhelili Fatos** (2025) *Implant supported dental prosthetic constructions with the usage of artificial intelligence – review article.* Apolonia Journal of Dentistry, 2025;27(60-61):179-190. ISSN 1857-6087, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36891

**Евалуација на трудот:** Овој преглед од литературата ги обработува можноста и предизвиците кои ги нуди вештачката интелигенција при планирање на имплантолошките хируршки процедури и конструирање на протетските надоместоци над денталните импланти. Трудот има научна и стручна вредност.

161. Naskova Sanja, **Zlatanovska Katerina**, Atanasova Sandra (2025) *Intensity of dental caries and bacterial strains S.mutans, S.sobrinus, S.salivarius, S.mitis in saliva of children with permanent dentition.* Macedonian Dental Review, 48 (3-4). ISSN 2545-4757, https://eprints.ugd.edu.mk/37297/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот ја обработуваат улогата на оралната микрофлора, со посебен акцент на *Streptococcus mutans* и другите видови стрептококи, во развојот на денталниот кариес кај деца со трајна дентиција. Преку анализа на примероци од плунка и проценка на денталниот статус, ја испитуваат поврзаноста помеѓу присуството на овие микроорганизми и активноста на кариесот. Трудот има научна и стручна вредност.

162. Chkripeski Kiril, **Zlatanovska Katerina**. (2025) *All-on-4 implant rehabilitation of the maxilla without sinus lift with screw-retained prosthesis - a case report.* International Journal Knowledge, 71 (4). pp. 397-401. ISSN 1857-923X, https://eprints.ugd.edu.mk/36439/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот ги обработуваат современите можности за целосна рехабилитација на беззаби пациенти со примена на имплантолошкиот концепт All-on-4. Преку приказ на случај кај 60-годишен пациент со изразена атрофија на максилата и генерализирана загуба на заби, ги презентираат клиничките предности, хируршкиот пристап и функционалните и естетските придобивки од оваа минимално инвазивна метода. Трудот има научна и стручна вредност.

163. Naskova Sanja, Dimova Cena, **Zlatanovska Katerina**, Atanasova Sandra, Rogoleva Gjurovski Sonja, Arsovski Ljupka, Prosheva Pelivanova Ljubica. (2025) *Dental Plaque And Its Role In The Cause Of Plaque Associated Diseases.* IOSR Journal

of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 24 (8). ISSN 2279-0853 / 2279-0861, https://eprints.ugd.edu.mk/36657/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот ја обработуваат улогата на оралниот биофилм и микробните заедници во одржувањето на оралното здравје и развојот на денталниот кариес и пародонталните заболувања. Преку преглед на современите научни сознанија ги анализираат промените во структурата и функцијата на оралниот микробиом при преминот од здравје кон болест. Трудот има научна и стручна вредност.

164. Trichkovska Ljubica, **Zlatanovska Katerina**, Prosheva Pelivanova Ljubica (2025) *Xerostomia inpatients with Type 2 diabetes melitus wearing complete and partial acrylic dentures - a literature review.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 71 (4). pp. 403-407. ISSN 1857-923X, https://eprints.ugd.edu.mk/36418/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот ја обработуваат ксеростомијата кај пациенти со дијабетес мелитус тип 2, со посебен осврт на нејзиното влијание врз оралното здравје и функцијата на целосните и парцијалните акрилатни протези. Преку преглед на релевантната литература ги анализираат етиопатогенезата, клиничките последици и современите превентивни и терапевтски пристапи за справување со оваа состојба, нагласувајќи го значењето на мултидисциплинарниот пристап во третманот. Трудот има научна и стручна вредност.

165. Prosheva Pelivanova Ljubica, Papakoca Kiro, Zarkova-Atanasova Julija, Atanasova Sandra, **Zlatanovska Katerina**, Naskova Sanja (2025) *The Influence of Lighting Conditions on Color Difference (ΔE) in Glazed Fixed Prosthetic Restorations: A Comparative Study.* IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 24 (7). ISSN 2279-0853, https://eprints.ugd.edu.mk/36296/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот го анализираат влијанието на различните услови на осветлување врз промената на бојата (ΔE) кај глазирани фиксно-протетски надоместоци изработени од метал-керамика, монолитен циркониум и фасетиран циркониум. Преку експериментално истражување ги проценуваат разликите во колориметриските вредности и го нагласуваат значењето на стандардизираните услови при изборот на боја за постигнување оптимален естетски резултат. Трудот има научна и стручна вредност.

166. Longurova Natasa, **Zlatanovska Katerina**, Kovacevska Ivona, Zarkova-Atanasova Julija (2025) *Non-carious cervical lesions:risk factors and treatment options.* Journal of Hygienic Engineering and Design, 51 (51). ISSN 1857- 8489, https://eprints.ugd.edu.mk/36199/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот ги обработуваат етиологијата, застапеноста и прогресијата на некариозните лезии на забите, со посебен акцент на влијанието на животните навики, оралната хигиена и системските фактори. Преку клиничко истражување и анализа на ризик-факторите ги истакнуваат најзначајните причини за појава на овие лезии и ја нагласуваат важноста на превентивните мерки за зачувување на оралното здравје. Трудот има научна и стручна вредност.

167. Manev Grigor, **Zlatanovska Katerina**, Jovanovski Saso (2025) *The influence of parafunctional forces on the longevity of ceramic crowns.* Apolonia Journal of Dentistry, 27 (60-61). pp. 157-178. ISSN 1857-6087, https://eprints.ugd.edu.mk/37356/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот го анализираат влијанието на парафункционалните сили врз долговечноста на керамичките коронки, со посебен акцент на механичките својства на различните керамички материјали. Преку преглед на литературата и тридимензионална анализа со методот на конечни елементи ги проценуваат распределбата на напрегањата, ризикот од фрактури и факторите кои влијаат врз долгорочниот успех на протетските реставрации, при што даваат препораки за нивна оптимална клиничка примена. Трудот има научна и стручна вредност.

168. Latifi Hamide, **Zlatanovska Katerina** (2024) *Stomatognathic system changes in partial edentulism and rehabilitation with fixed prosthetic solutions.* Journal of Dentistry Apolonia, 26 (56-57). pp. 18-29. ISSN 1409-8768 | 1857-6087, https://eprints.ugd.edu.mk/35716/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот ги обработуваат промените во стоматогнатниот систем предизвикани од беззабоста и можностите за нивна рехабилитација со фиксни протетски конструкции. Преку анализа на клинички материјал ги споредуваат конвенционалните и дигитално изработените фиксни протетски надоместоци, при што ги евалуираат нивните карактеристики, применетите материјали и клиничката примена. Трудот има научна и стручна вредност.

169. Pejkovska Shahpaska Budima, Rusevska Biljana, Markovska Arsovska Mirjana, Nikolovski Bruno, **Zlatanovska Katerina,** Zarkova Atanasova Julija, Kovacevska Ivona, Sylejmani Mimoza, Pejkovska Ana, Janceska Georgievska Tatjana (2024) *Comparison of two diagnostic imaging techniques for diagnosisng synovial chondromatosis of the temporomandibular joint.* Journal of Morphological Sciences. JMS 2024;7(2):98-102, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34957

**Евалуација на трудот:** Овој труд претставува пример за значењето на опсежната анализа на сите клинички и параклинички параметри при поставувањето на дијагноза. Темелната анализа на параклиничките иследувања и систематската диференцијална дијагноза довеле до успешно дијагностицирање на синовијална хондроматоза во виличниот зглоб кај 42-годишен пациент, со исклучително ретка рентгенолошка презентација и целосно отсутна симптоматологија. Трудот има научно-стручна и апликативна вредност.

170. Longurova Natasa, **Zlatanovska Katerina**, Kovacevska Ivona, Atanasova Sandra (2024) *The possibility of using ultrasound in endodontics: Review.* Journal of Hygienic Engineering and Design, 46. ISSN 1857- 8489, https://eprints.ugd.edu.mk/33969/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот ја обработуваат примената на ултразвукот во современиот ендодонтски третман, со посебен акцент на неговата улога во различните фази од обработката и ретретманот на коренските канали. Преку преглед и критичка анализа на релевантната литература ги евалуираат предностите на ултразвучната технологија во подобрувањето на визуализацијата, иригацијата, обтурацијата и вкупниот успех на ендодонтскиот третман. Трудот има научна и стручна вредност.

171. Naskova Sanja, Dimova Cena, **Zlatanovska Katerina**, Rogoleva Gjurovski Sonja (2024) *immunoglobulins IgA and IgG in children with permanent dentition and dental caries.* Journal of Hygienic Engineering and Design (JHED), 46. https://eprints.ugd.edu.mk/35235/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот ја испитуваат поврзаноста помеѓу концентрацијата на саливарните имуноглобулини IgA и IgG и присуството на дентален кариес кај деца со трајна дентиција. Преку клиничко и лабораториско истражување ги анализираат вредностите на имуноглобулините во плунката и нивната корелација со кариесот, при што го истакнуваат значењето на локалниот имунолошки одговор во превенцијата на кариозните лезии. Трудот има научна и стручна вредност.

172. Longurova Natasa, **Zlatanovska Katerina** (2024) *Resin infiltration of non-cavitated caries lesions: review.* Knowledge - International Journal Scientific Papers, 62 (4). ISSN 1857-923X / 2545 – 4439, https://eprints.ugd.edu.mk/33767/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот ја обработуваат инфилтрацијата со смола како современ микроинвазивен пристап во третманот на иницијалните кариозни лезии кај возрасната популација. Преку преглед на релевантната литература ги анализираат индикациите, предностите и ограничувањата на оваа метода, нагласувајќи ја нејзината улога во зачувувањето на здравото забно ткиво и превенцијата на понатамошна прогресија на кариесот. Трудот има научна и стручна вредност.

173. Longurova Natasa, **Zlatanovska Katerina**, Kovacevska Ivona (2023) *Коренски кариес - фактори на ризик, превентивни и реставративни мерки.* Knowledge – International Journal, 60 (4). ISSN 1857-923X, https://eprints.ugd.edu.mk/32423/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот ги обработуваат ризик-факторите, превенцијата и третманот на коренскиот кариес, со посебен акцент на неговата етиологија и застапеност кај повозрасната популација. Преку преглед на релевантната литература и анализа на анкетно истражување спроведено меѓу доктори по дентална медицина, ги идентификуваат најзначајните фактори кои придонесуваат за појава на коренски кариес и ја нагласуваат важноста на навремената превенција и соодветниот клинички менаџмент. Трудот има научна и стручна вредност.

174. Shehapi Afrim, Azizi Fadilj, Dimova Cena, **Zlatanovska Katerina** (2023) *Biomechanics of partial dentures.* Journal of Dentistry Apolonia, 25 (50-51). pp. 97-103. ISSN 1409-8768 | 1857-6087, https://eprints.ugd.edu.mk/32049/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот ја обработуваат биомеханиката на парцијалните мобилни протези со пародонтална потпора, со акцент на значењето на нивното правилно планирање, дизајнирање и функционална стабилност. Преку анализа на основните механички принципи и дејството на интраоралните сили ја нагласуваат важноста на биомеханичкиот пристап за долгорочниот успех и функционалност на парцијалните протетски надоместоци. Трудот има научна и стручна вредност.

175. Azizi Fadilj, Shehapi Afrim, Dimova Cena, **Zlatanovska Katerina**, Naskova Sanja (2023) *Teeth movement during orthodontic therapy.* Journal of Dentistry Apolonia, 25 (50-51). pp. 88-96. ISSN 1409-8768 | 1857-6087, https://eprints.ugd.edu.mk/32048/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот ги обработуваат основните принципи на ортодонтската терапија, со посебен акцент на класификацијата, конструктивните карактеристики и примената на мобилните и фиксните ортодонтски апарати. Преку систематски приказ ги анализираат нивните индикации, начинот на дејствување и значењето на правилниот избор на ортодонтскиот апарат за успешен третман. Трудот има научна и стручна вредност.

176. Shehapi Afrim, **Zlatanovska Katerina**, Dimova Cena, Azizi Fadilj (2022) *CAD-CAM Systems and dental ceramic materials.* Journal of Dentistry Apolonia, 24 (48-49). pp. 105-112. ISSN 1409-8768 | 1857-6087, https://eprints.ugd.edu.mk/31163/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот ги обработуваат современите CAD/CAM технологии во денталната протетика, со акцент на примената на интраоралните скенери, дигиталното планирање и компјутерски асистираната изработка на протетски надоместоци. Ги анализираат предностите на дигиталниот работен тек, карактеристиките на CAD/CAM системите и примената на современи материјали, нагласувајќи го нивното значење за подобрување на прецизноста, ефикасноста и квалитетот на протетската рехабилитација. Трудот има научна и стручна вредност.

177. Azizi Fadilj, Dimova Cena, **Zlatanovska Katerina**, Shehapi Afrim (2022) *Temporomadibular Dysfunctions and Maloclusions.* Apolonia Albanian Dental Journal, 24 (48-49). pp. 85-89. ISSN 1409-8768 | 1857-6087, https://eprints.ugd.edu.mk/31244/

**Евалуација на трудот:** Авторите во трудот ја обработуваат поврзаноста помеѓу темпоромандибуларните дисфункции и денталните малоклузии, со посебен акцент на улогата на ортодонтскиот третман. Преку систематски преглед на релевантната литература ги анализираат достапните научни докази за влијанието на различните типови малоклузии врз појавата на темпоромандибуларните нарушувања и заклучуваат дека ортодонтскиот третман не претставува ризик-фактор за нивниот развој. Трудот има научна и стручна вредност.

**Листа на научни и стручни трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**

**Трудови од областа - од реден број 178-202:**

178. Nikolovski Bruno, Evrosimovska Biljana, Petrovski Mihajlo, Stojanovic Simona, **Zlatanovska Katerina**, Zarkova-Atanasova Julija, Spirov Vancho, Pejkovska Shahpaska Budima, Radeska Elena (2026) *Single tooth implant or prosthetic bridge construction in case of incisor hypodontia?* In: International Dental Congress - Dental Naissa'26, 6-8 Feb 2026, Nis, Serbia. (poster), https://eprints.ugd.edu.mk/38622/

179. Apostoloski Pavle, Zarkova-Atanasova Julija, **Zlatanovska Katerina**, Prosheva Pelivanova Ljubica, Pejkovska Shahpaska Budima, Atanasova Sandra (2026) *Metal-bar reinforcement of long-span zirconia frameworks.* In: 30th BaSS Congress, 7-9 May 2026, Thessaloniki, Greece. (poster), https://eprints.ugd.edu.mk/38699/

180. **Zlatanovska Katerina, Prosheva Pelivanova Ljubica, Naskova Sanja,** Mladenovski Marko, Azizi Fadilj, Shehapi Afrim, Nikolovski Bruno, Atanasova Sandra, Longurova Natasa, Zarkova Atanasova Julija (2025) *Impact of Polishing on Candida albicans Adhesion to Dental Resins.* In: FDI World Dental Congress 2025 (FDIWDC25), 09-12 Sept 2025, Shanghai, China. IDJ 2025;75(1):278 ISSN 1875-595X (IF: 3.7) (Poster), https://doi.org/10.1016/j.identj.2025.105267, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36723

181. Prosheva Pelivanova Ljubica, Atanasova Sandra, Zarkova Atanasova Julija, **Zlatanovska Katerina** (2025) *Интеграција на дигиталниот спектрофотометар во денталната медицина- нови можности за точност*

*и квалитет.* In: Third International Conference ETIMA 2025, 24-25 Sept 2025, Stip, Republic of North Macedonia. (Oral presentation), https://eprints.ugd.edu.mk/36825/

182. Petrovski Mihajlo, Nikolovski Bruno, Mladenovski Marko, **Zlatanovska Katerina**, Veljanovski Darko, Papakoca Kiro (2025) *Assessment of dentists' knowledge about dental management of patients with epilepsy.* In: 29th BaSS Congress 2025, 24-26 Apr 2025, Belgrade, Serbia. Abstract Book 422 (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35929

183. **Zlatanovska Katerina**, Longurova Natasa, Zarkova Julija, Nikolovski Bruno, Atanasova Sandra, Naskova Sanja, Proseva Ljubica (2025) *Evaluation of dental and facial midlines among dental students.* In: 29th BaSS Congress 2025, 24-26 Apr 2025, Belgrade, Serbia. Abstract Book 234 (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35926

184. Zarkova Atanasova Julija, **Zlatanovska Katerina**, Longurova Natasa, Atanasova Sandra, Prosheva Pelivanova Ljubica, Petroska Ana, Naskova Sanja (2025) *Tooth color matching with intraoral scanner.* In: 29th BaSS Congress 2025, 24-26 Apr 2025, Belgrade, Serbia. (poster), https://eprints.ugd.edu.mk/36517/

185. Mijoska Aneta, **Zlatanovska Katerina**, Trpevska Vesna, Petkov Marjan, Stavreva Natasa, Bajraktarova Valjakova Emilija (2025) *Use of botulinum toxin in masseteric muscle hypertrophy.* In: 29th BaSS Congress 2025, 24-26 Apr 2025, Belgrade, Serbia. (Oral presentation), https://eprints.ugd.edu.mk/37270/

